Последните такви вести се однесуваат само на Улцињ, а беа содржани во извештаите на венецијанскиот вице-конзул во Скадар од 19 и 25 март 1741 година. Според тоа, кога е однесена горната терминација на венецијанскиот Магистрат за здравство, не само што веќе не постоеше опасност за Бока, а преку оваа и за другите приморски краишта, туку таа опасност, барем до новите појави на зараза, беше престанала и за самата Албанија.

Не го пронајдовме решението со кое се ставаат надвор од сила сите горни преземени мерки за обезбедување, но од фактот што наскоро оживеа трговскиот промет помеѓу Бока и Албанија може да се заклучи дека тие мерки, а особено терминацијата од 15 април, мошне кратко време останале во сила.

М. Соколоски

# КОСТУР И КОСТУРСКО ВО СРЕДИНАТА НА XV ВЕК

Користејќи ги податоците од опширниот пописен дефтер (Tapu tahrir defteri) №-237 кој се чува во архивот на Министерскиот совет (Başvekâlet arsivi) на Република Турција, ќе се задржиме на неколку основни прашања во врска со феудалните владеења во Костурско, етничкиот состав на населението како во самиот град исто така и во селата што спаѓале по тоа време на територијата на Костурскиот вилает, видовите натурални и парични давачки од страна на градското и селското население на феудалните господари во Костурско, со посебен осврт на земјоделските култури и др.

На територијата на костурскиот вилает, како основна административно-територијална единица во овој период, се регистрирани вкупно 66 населени места заедно со градот, како административен центар за околијата (вилаетот). Сите населени места се опфатени во феудални владеења чијшто вкупен број изнесува 25, од кои 1 хас и 24 тимари. Од овие 25 феудални владеења по време на пописот е регистрирано дека 5 тимари им припаѓаат на христијани т.е. на немуслимани и тоа:

**I). Тимар на Андроникоз и Јанко.** Овој тимар, во кој спаѓало селото Лисиче со годишен приход во износ од 3052 акчи бил заеднички т.е. го користеле Андроникоз и Јанко. Во дефтерот е регистрирано дека по време на војна и двајцата биле должни да земат учество во војната како џебелии, да понесат со себеси по еден мал шатор и по еден помошник (гулам). За двајцата притежатели во дефтерот е забележано дека биле „стари спахии“, што значи или нивните татковци биле спахии-тимариоти, или пак самите тие и порано поседувале тимари.

Селото Лисиче во ова време имало 40 домаќинства (hane), 4 неженети (mucerred) и 2 вдовици (bive) или вкупно 46. Приходите на притежателите на овој тимар се состоеле од следните давачки:

260 кила пченица во износ од 620 акчи, јачмен, ’рж и др. 180 кила во износ од 270 акчи; од лен 150 акчи; ушур од лозја — 186 медри во износ од 372 акчи; од риболов 120 акчи; од улишта 50 акчи; од бостан 67 акчи; данок за свињи 29 акчи; на име испенџе 1112 акчи, како и за други ситни давачки за овошни дрвја, воденици нијабет и сл.

2). **Тимар на Димитри.** — За овој тимар во дефтерот е заведено дека по време на султан Бајазит овој тимар го уживал таткото на Димитри. По смртта на таткото тимарот бил доделен на неговиот син Јовко, а по смртта на Јовко тимарот му се доделува на неговиот втор син горепоменатиот Димитри.

Во тимарот влегувало селото Вишани кое имало 24 домаќинства, 4 неженети и 5 вдовици. Вкупниот износ на годишниот приход на притежателот на тимарот изнесувал 1920 акчи. Како и кај претходниот спахија, така и кај овој приходите се состојат од житарици и други даноци со исклучок на данокот за риболов. Карактеристично е тоа, што за житариците не е земена мерката „киле", а „товар". Така на пример, населението од с. Вишани било должно да му даде на спахијата-тимариот 15 товари пченица во износ од 300 акчи, што значи дека еден товар пченица се пресметувал по 20 акчи; како и 26 товари јачмен и др. во износ од 390 акчи т.е. еден товар јачмен, 'рж, овес и сл. се пресметувал по 15 акчи.

3). **Тимар на Видое.** — За поранешното поседување на овој тимар ги среќаваме следните податоци во дефтерот. За време на покојниот султан Бајазит овој тимар го уживал некојси Ахмет син на Јусуф. Подоцна истиот тимар му бил доделен на таткото на Видое, а по неговата смрт му е доделен т.е. пренесен на неговиот син Видое.

Во тимарот влегувало селото Неволјани кое имало 16 домаќинства, 1 неженет, 1 вдовица или вкупно 18. Годишниот приход на спахијата од овој тимар изнесувал 881 акчи.

4).**Тимар на Којо и Костантин.** — Во дефтерот е заведено дека притежателите на овој заеднички тимар биле должни за време на војна и двајцата да земат учество. За време на покојниот султан Бајазит овој тимар го поседувал таткото на Којо. По смртта на таткото, тимарот бил даден на некојси Фируз. Меѓутоа, бидејќи Којо и Константин биле „стари спахии", тимарот му бил одземен на Фируза и им е доделен на овие двајцата. Истите поседувале и султански берат за поседување на тимарот.

Во тимарот на споменатите спахии-тимариоти, Којо и Костантин, влегувало селото Тихолишта кое по тоа време имало 42 домаќинства, 4 неженети и 7 вдовици со годишен приход во износ од 3626 акчи. Паѓа в'очи дека овие спахии тимароти имаат приходи и од хаса имоти во износ од 200 акчи, како и приход вон од дефтерот (haric ez defter) и тоа — 20 кила пченица во износ од 50 акчи и за 10 кила јачмен 15 акчи, така што вкупниот годишен приход фактички изнесува 3891 акчи. Кон тимарот е заведена и една мезра со име Цимна, но истата била ненаселена (hali).

5). **Тимар на Бежан син на Дабижив.** — За овој спахија-тимариот во дефтерот е забележано дека бил стар спахија и дека поседувал берат од пашата. Во неговиот тимар спаѓал еден дел од населението на село Хорово од 9 домаќинства со приход од 740 акчи, како и селото Линчкоз кое имало 28 домаќинства и 2 неженети со приход од 1815 акчи, или вкупен годишен приход во износ од 2555 акчи.

Од горе изложеното констатираме дека два тимари што ги поседувале спахии-тимариоти немуслимани биле заеднички т.е. се користеле од двајца, додека три тимари биле единични, што значи дека по време на пописот имало вкупно 7 души спахии-тимариоти немуслимани. Од податоците се гледа и тоа дека меѓу нив имало таканаречени „стари спахии" т.е. лица чии татковци биле порано спахии-тимариоти, така што по смртта на таткото тимарите се пренесувале на синот. Меѓу другото, да одбележиме и тоа дека имало и такви случаи кога тимари од муслимани биле пренесувани односно доделувани на немуслимани. Оваа појава е карактеристична за периодот од околу 1450 — 1460 година, бидејќи од еден друг сумарен и постар дефтер за Прилепскиот и Велешкиот вилает ова пренесување и толерирање на спахии тимариоти немуслимани може многу добро да се проследи од марги-

налиите на тој дефтер. Во сумарниот дефтер за Прилепскиот и Кичевскиот вилает, односно, нахии има повеќе случаи кога поедини тимари се пренесувале од татко на син немуслимани или од муслимани на немуслимани и обратно. Така на пример, во прилепската нахија околу 1450 година од вкупно 78 тимари 24 им припаѓале на немуслимани што претставува скоро една третина од вкупниот број на тимарите на таа административно-териториjална единица.

Во Костурскиот вилает околу 1460 година бројот на тимарите што ги поседуваат немуслимани изнесува 5, од вкупно 25, што значи една петина. За Костурско не располагаме со понови пописни дефтери, за да видиме кога фактички се ликвидирани спахиите-тимариоти немуслимани, независно од тоа дали се тие ликвидирани како немуслимани или пак преминале во ислам.

Меѓутоа, за Прилепската нахија ние располагаме со повеќе такви дефтери сè до 1544 година при што можевме да констатираме дека во 1476/7 година од околу 56 тимари само еден му припаѓа на немуслиман, додека два други што се регистрирани се колективни и се состојат во тоа што регистрираните 7 — 8 немуслимани можат сами да ги користат производите од своите имоти без да даваат десеток и други давачки на некој друг спахија, под услов еден од нив да земе учество секоја година во воените походи.

Како што веќе нагласивме, останатите 20 тимари во Костурско им припаѓале на немуслимани. Од нив седум им припаѓаат на лица чувари на крепоста во Костур, еден на сераскерот на Костур, еден на кадијата на Костур итн.

Од интерес е да го прикажеме пренесувањето на еден тимар кој по време на пописот е регистриран на Ќопек син на Курт (стр. 138). За овој тимар во дефтерот стои дека по време на владеењето на султан Бајазит го поседувал Дабижив. По смртта на Дабижив тогашниот султан тимарот го поделил на два дела, едниот дел му го дал на некојси Витан, а другиот на синот на Дабижив, По смртта на Витан, неговиот дел му е даден на Ќопек син на Курт, со годишен приход во износ од 3236 акчи.

Висината на годишните приходи од тимарите се движела како следи:

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Со годишен приход до | | | | 1000 акчи | има | 2 | тимари, |
| Со „ „ од | 1000 | до | 2000 | „ | „ | 3 | „ , |
| „ „ „ од | 2000 | до | 3000 | „ | „ | 2 | „ , |
| „ „ „ од | 3000 | до | 4000 | „ | „ | 6 | „ , |
| „ „ „ од | 4000 | до | 5000 | „ | „ | 5 | „ , |
| „ „ „ од | 5000 | до | 6000 | „ | „ | 2 | „ , |
| „ „ „ од | 6000 | до | 7000 | „ | „ | 1 | „ , |
| „ „ „ од | 10.000 | до | 14.000 | „ | „ | 2 | „ , |
| „ „ „ од | 19.000 | | | „ | „ | 1 | „ , |
| „ „ „ од | 112.000 | | | „ | „ | 1 | „ , |

ВКУПНО: 25 тимари.

Како што се гледа од горните показатели, најголемиот број тимари се со годишен приход од 3000 — 5000 акчи и нивниот број изнесува 11. Со приход од 3000 акчи годишно има 7. Според тоа, бројот на тимарите со приход над 5000 акчи изнесува 6, и еден хас со приход од 112.847 акчи.

За петте тимари што им припаѓаат на немуслимани нагласивме дека три им припаѓаат на поединци, а два како заеднички на по двајца. Останатите 20 феудални владеења што ги уживаат муслимани, 18 му припаѓаат на поединци, еден на тројца и еден на четворица. Општо земено, од вкупниот број на феудални владенија во Костурско 21 им припаѓаат на поединци, а 4 се заеднички. Во дефтерот е регистрирано само кај 13 притежатели на тимари дека имаат берати и тоа деветмина имале султански берати, а четворица берати од пашата. Следејќи ја висината на годишните приходи кај сите овие спахии-тимариоти ние гледаме дека околу 1460 година не било разграничено, како што било подоцна по време на султан Сулејман Величествени, во кои случаи т.е. до која висина на годишни приходи од тимари бил овластен да издава берати пашата (беглербегот), а од која висина султанот.

## Градот Костур

Градот Костур, заедно со селата Лонка, Дупени, Горенци и Жепчишта спаѓал во хасот на Караџа-бег, кој бил субашија на Костур, со вкупен годишен приход од градското и селското население опфатено во хасот во износ од 112.874 акчи.

При пописот на градот најнапред се регистрирани приходите на костурскиот субашија од баждарина, риболов и нијабет, а потоа следи пописот на имињата на старешините на домаќинствата и на вдовиците. Паѓа в очи дека при пописот не се почнува најнапред со муслиманите, како што е скоро во сите дефтери од овој вид со кои што располагаме, туку се почнува прво со пописот на немуслиманите (христијаните), по нив доаѓа пописот на Евреите и најпосле е даден пописот на муслиманите. Да подвлечеме и тоа дека пописот на немуслиманите е даден по маала, додека муслиманите се предадени како групација (Џемати муслиматан), што е исто така малку необчино кога ќе се спореди со пописите во другите пописни дефтери од поново време.

Градот Костур по ова време имал вкупно 21 маало, од кои 20 немуслимани и едно еврејско. Тие се следните:

1) Маалото Џенкеран
2) „ на кожуварите (Kürkçiler)
3) „ на шивачите (Hayyatan)
4) „ Папасан (попско маало или маалото на поповите)
5) „ на рибарите (Balikciyan)
6) „ Џенкеран (повторно заведено)
7) „ на трговците (Bazirgân)
8) „ на сарачите (Saraçan)

9) „ на златарите (Zergerân)
10) „ на железарите (Haddadan)
11) „ на шапкарите (Colahan)
12) „ С-Р-В-И-Т ?
13) „ Продромоз
14) „ св. Никола Драгута
15) „ Фанариот
16) „ Св. Параскева
17) „ на казанџиите
18) „ Апостол Грубеша
19) „ Џгуре (Изгуро)
20) „ на касапите
21) „ на Евреите (Mahalle-i Yehudan

За секое маало се дадени имињата на старешините на домаќинствата како и на вдовиците, додека имињата на неженетите не се регистрирани кај христијаните, додека кај Евреите ги има четворица. При општото сумирање, меѓутоа, е одбележано дека меѓу христијаните имало 36 неженети (mucerred).

При сумирањето на крајот по извршениот попис на градот Костур е заведено дека имало вкупно 940 немуслимани, од кои: 792 христијански домаќинства, 112 вдовици и 36 неженети, потоа, 84 еврејски домаќинства и 4 вдовици. Бројот на муслимански домаќинства изнесува 20. Според тоа, вкупниот број на регистрирани христијани, Евреи и муслимани изнесува 960.

Поаѓајќи од имињата на маалата може да се претположи дека по ова време во градот Костур имало, за разлика од другите градови како што се Битола, Прилеп, Велес и други, релативно многу занаетчии, судејќи по тоа дека имињата на маалата претставувале фактички и концентрација на одделни занаети или професија. Во конкретниов случај во градот Костур од 20 маала, 11 имаат имиња на некои занаети.

Во групацијата муслимани поименично се запишани 22 домаќинства. Меѓу имињата на старешините на домаќинствата кај муслиманите се среќава еден имам, еден бисерџија, еден казас, тројца халачи, двајца шивачи и еден сарач. При пописот на немуслиманите е запишано само личното име, без името на таткото како што се практикувало во поновите пописни дефтери. Кај ниеден од немуслиманите нема заведено дека вршел некаков занает. Но, независно од тоа, сепак, називите на немуслиманските маала ни даваат за право да претположиме со сигурност дека по ова време занаетчиството во Костур било во рацете на немуслиманите, што не е случај со многу други градови во Македонија во текот на XV век.

Како што порано нагласивме, градот Костур со селата Лонка, Дупени, Горенци и Жепчиште спаѓале во хасовите на костурскиот субашија, Караџа-бег. Вкупниот годишен приход од градот и селата изнесувал 112.874 акчи и тоа од градот 102.804, а од селата 10.070 акчи. Приходите од градот се состоеле од следните давачки:

| | | |
|---|---|---|
| 1) Баждарина или трошарина | 23.000 | акчи |
| 2) Приход од даљаните (ловишта на риба) | 23.000 | „ |
| 3) Нијабет од Костур и околијата | 6.000 | „ |
| 4) Пченица 950 кила по $2\frac{1}{2}$ акчи килото | 2.375 | „ |
| 5) Јачмен 350 кила по $1\frac{1}{2}$ „ „ | 525 | „ |
| 6) РЖ 356 кила | 529 | „ |
| 7) Десеток од улишта (ушур) | 139 | „ |
| 8) Граор 156 кила по $2\frac{1}{2}$ акчи килото | 234 | „ |
| 9) Лен | 350 | „ |
| 10) Десеток од лозја - 12.390 медри, по 2 акчи медрата | 24.780 | „ |
| 11) Испенџе | 21.372 | „ |
| ВКУПНО | 102.804 | акчи |
| а) Од с. Лонка годишен приход во износ од | 2.366 | „ |
| б) Од с. Дупени „ „ „ | 1.022 | „ |
| в) Од с. Горенци „ „ „ | 3.535 | „ |
| г) Од. с. Жепчишта „ „ „ | 3.147 | „ |
| ВКУПЕН ГОДИШЕН ПРИХОД | 112.874 | акчи. |

Од наведените давачки од градското население се гледа дека грото на годишните приходи на костурскиот субашија се состоеле од риболовот, баждарината, десетокот (ушурот) од лозја, испенџето и од житариците. Особено паѓа в очи приходот од лозјата кој изнесува 12.390 медри или проценето во акчи 24.780.

Овој податок говори дека лозарството, покрај риболовот, било силно развиено во Костур и Костурско. Што се однесува до приходите од житариците што било должно градското и селското население да му го дава на субашијата, нивниот износ во натура, односно во пари е следниот:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Пченица | 1.650 кила или | 4.125 акчи, |
| 2. Јачмен | 705 кила или | 1.058 акчи, |
| 3. Рж | 800 кила или | 1.200 акчи, |
| 4. Граор | 186 кила или | 309 акчи, |
| 5. Просо | 229 кила или | 344 акчи, |
| ВКУПНО | 3.570 кила или | 7.036 акчи. |

Според тоа приходите од житариците во споредба со приходите од лозарството и риболовот претставуваат помалку од една третина. Прави впечаток дека меѓу давачките од градот Костур не се среќава данокот за свињи, којшто инаку го има меѓу давачките од споменатите села.

Непосредно по пописот на старешините на домаќинствата во немуслиманските маала вклучувајќи го и еврејското маало, се реги-

стрирани 18 манастири. Дали во случајов станувазбор навистина за манастири или за цркви и дали се во прашање цркви односно манастири што се наоѓале во Костур или пак во околијата во овој момент не сме во состојба да одговориме, зашто се нужни теренски испитувања. Кај некои од овие манастири покрај името на самиот манастир се заведени и некои лица, најверојатно калуѓери или старешини на манастирот. Имајќи го предвид карактерот на арапското писмо, како и самите имиња на манастирите или имињата на калуѓерите, при дешифрирањето имавме особено тешкотии, така што за некои имиња не сме сосема сигурни дека сме ги прочитале правилно. Во продолжение ќе ги дадеме сите тие манастири или цркви, спазувајќи го редоследот од самиот дефтер:

1. Манастир — Свети Васил
2. „ — Свети Никола, Галахтонос
3. „ — Вангилисра?
4. „ — Свети Никола, свештеник Јане.
5. „ — Свети Саво? Глигор.
6. „ — Испалиот ........? Севандик.
7. „ — Аргириз Анкоз, Хинос.
8. „ — Перо Логотос, — Тодор, калуѓер.
9. „ — Архос Атикос, — Никола.
10. „ — Христо Симоз, — свештеник Јане.
11. „ — Свети Никола, — Испалиот.
12. „ — Зцбиа? — свештеник Михаил.
13. „ — Свети Ѓорѓи, — свештеник Тодор.
13. „ — Сотре.
15. „ — Авдтира?
16. „ — Света Параскева, свештеник Димитри.
17. „ — Свети Зекирија, калуѓер Манаси.
18. „ — Света Параскева, свештеник Лукас.

Од горниот попис се гледа дека имало три манастири со име „Свети Никола“ и два со „Света Параскева“.

Што се однесува до прашањето за етничкиот состав на населението во градот Костур, покрај Евреите и муслиманите, од самите имиња на старешините на домаќинствата и вдовиците на немуслиманскиот елемент може да се констатира дека словенскиот елемент е во огромно мнозинство. Меѓутоа, покрај словенските имиња се среќаваат и имиња со завршеток на — „ос“, „ас“, „ис“, за кои би можело да се претпостави или да се Грци или пак грцизирани македонски Словени. Во продолжение ние ќе ги прикажеме таквите имиња со наставките „ос“, „ас“, „ис“ што се регистрирани по маала во градот Костур. Така на пример:

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Во | маалото на ќурчиите | од вкупно | 65 | имиња | само | 6 | свршуваат | на | „ос", | „ис" |
| 2. | Во | „ ценкеран | „ | 53 | „ | „ | 4 | „ | „ | „ | „ |
| 3. | Во | „ попско (на поповите) | „ | 69 | „ | „ | 5 | „ | „ | „ | „ |
| 4. | Во | „ на шивачите | „ | 32 | „ | „ | 3 | „ | „ | „ | „ |
| 5. | Во | маалото на рибарите | „ | 27 | „ | „ | 5 | „ | „ | „ | „ |
| 6. | Во | „ на базриганите | „ | 51 | „ | „ | 4 | „ | „ | „ | „ |
| 7. | Во | „ на сарачите | „ | 30 | „ | „ | 4 | „ | „ | „ | „ |
| 8. | Во | „ на Златарите | „ | 5 | „ | „ | 0 | „ | „ | „ | „ |
| 9. | Во | „ на железарите | „ | 29 | „ | „ | 1 | „ | „ | „ | „ |
| 10. | Во | „ Цолахан? | „ | 71 | „ | „ | 5 | „ | „ | „ | „ |
| 11. | Во | „ СРВИТ | „ | 42 | „ | „ | 5 | „ | „ | „ | „ |
| 12. | Во | „ Продромоз | „ | 35 | „ | „ | 2 | „ | „ | „ | „ |
| 13. | Во | „ Св. Николр Драгута | „ | 20 | „ | „ | 0 | „ | „ | „ | „ |
| 14. | Во | „ Фанариоти | „ | 71 | „ | „ | 5 | „ | „ | „ | „ |
| 15. | Во | „ Света Параскева | „ | 37 | „ | „ | 2 | „ | „ | „ | „ |
| 16. | Во | „ на казанџиите | „ | 67 | „ | „ | 1 | „ | „ | „ | „ |
| 17. | Во | „ Апостол Грубеша | „ | 37 | „ | „ | 3 | „ | „ | „ | „ |
| 18. | Во | „ Џгуре (Изгуро) | „ | 42 | „ | „ | 1 | „ | „ | „ | „ |
| 19. | Во | „ на касапите | „ | 20 | „ | „ | 2 | „ | „ | „ | „ |
| | | ВКУПНО: | | 803 | | | 58 | | | | |

Според тоа, од вкупно 803 регистрирани немуслимани во маалата на Костур само 58 имиња свршуваат на наставките „ос", „ас" или „ис".

Покрај регистрираните жители на град Костур во самите маала се среќаваат жители на Костур уште на две други места и тоа на страна 181 од дефтерот се заведени 12 души за кои стои дека се муселлеми. Деветте имиња од овие 12, свршуваат на наставката „ос" или „ас", што е во дадениов случај доста карактеристично зошто станува збор за муселлеми. Во самиот дефтер изрично е нагласено дека муселлемите биле определени за заштита на крепоста на градот Костур. За таа своја должност тие биле ослободени од сите давачки наречени „авариз", и плаќале само харач. Истите лица поседувале берати од последните два султана.

На второ место каде што има регистрирано жители од град Костур се вели дека тие биле опфатени во вакафите на покојниот султан, и ги има 6 на број.

Според тоа вкупниот број на имињата што свршуваат на „ос", „ас" и „ис" од градот Костур изнесува 67, од вкупно 821 регистриран христијанин.

Ваквите имиња со наставките „ос, „ас" и „ис" ги проследивме во сите пописи на селското население во тогашниот Костурски вилает и констатиравме дека во вкупно 65 села во Костурско такви имиња се среќаваат сѐ на сѐ 79, а бројот на регистрираните старешини на домаќинства, неженетите и вдовиците во сите тие села изнесува 1986. Најмногу такви имиња има во селото Бали и тоа девет на број. Инаку, вкупниот број на регистрираните имиња од ова село изнесува 200.

Ова село е најголемо, во ова време во Костурско. Потоа во селото Маврово од вкупно 125 регистрирани христијани, имињата само на 7 души свршуваат на „ос“ или „ас“. На трето место доаѓа селото Хвалишта со 5 такви имиња од вкупно 69. Останалите 58 се по едно до две имиња регистрирани во останалите села.

Од вкупно 65 регистрирани села во Костурско по ова време за две села (Лʼнка и Желино) стои дека припаѓаат кон вилаетот Колоња. За селата Мислогожде и Жупани стои дека припаѓале кон нахијата Ишим, а за селата: Садово, Богавечко, Сенчи и Ибнорио стои дека припаѓале во Леринско.

Секако најкарактеристично за сите населени места во Костурско е тоа што се тоа села со чисто христијанско население. Нема ниту едно турско село, ниту пак се среќава некаков муслиманин или исламизиран христијанин помеѓу регистрираните жители. Со други зборови, етнички населението во Костурско е многу чисто и тоа со апсолутно мнозинство на словенскиот елемент.

Оваа појава е секако многу интересна и важна за науката. Доколку во иднина ќе дојдеме до други пописни дефтери од поново време ќе можеме да извлекуваме некои важни заклучоци. Како што веќе во почетокот нагласивме, во истиот овој дефтер е и пописот за Велешкиот вилает. Меѓутоа, во Велешко се среќаваат неколку села со чисто турско население. Овој факт ни дава да претпоставиме дека до околу 1460 година колонизацијата на Турците се движела повеќе во текот на реката Вардар, додека подоцна колонизацијата се јавува и во Прилепско и Битолско. Заслужува да се одбележи и тоа, дека освен муселлемите други немуслимани со специјални задолженија на пример: војници, акинци ешкинџии и др. не се регистрирани во Костурско. Единствено село кое е заведено како дервенџиско тоа е селото Косторожде кое што по ова време имало 5 домаќинства.

Во продолжение ќе ги дадеме по азбучен ред сите 65 села во Костурско со бројот на регистрираните старешини на домаќинства, неженетите и вдовиците, како и вкупниот износ на давачките, изразен во акчи од разни житарици и други давачки, што тоа население било должно да му го дава на феудалниот господар.

| Реден број | Име на селото | Бројот на: Домаќин. | Неженетите | Вдовиците | ВКУПНО | Годишен износ на дав. изр. во акчи | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Архангелово | 5 | — | — | 5 | 332 | Селото се јавува на две места. |
| 2. | Балли | 188 | — | 12 | 200 | 11.922 | Под овој назив ова село во картата го нема. |
| 3. | Белопашино | 38 | 3 | 1 | 42 | 2.534 | |
| 4. | Богацко | 30 | 2 | 2 | 34 | 1.877 | Ова село спаѓало во Леринско, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. Божиград | 8 | — | 2 | 10 | 486 | Селото се јавува на две места. |
| 6. Брештани | 55 | 5 | 2 | 62 | 3.982 | |
| 7. Вишани | 24 | 4 | 5 | 33 | 1.920 | |
| 8. Ворохово | 19 | 2 | 1 | 22 | 1.283 | |
| 9. Глезино | 3 | — | — | 3 | 160 | |
| 10. Дубјак | 18 | — | — | 18 | 1.800 | |
| 11. Дупени | 12 | — | 1 | 13 | 1.022 | |
| 12. Драгајнче | 9 | 1 | 2 | 12 | 759 | Ова село го даваме онака како што е написано во дефтерот. |
| 13. Ежево | 10 | 1 | — | 11 | 510 | |
| 14. Железо | 35 | 2 | — | 37 | 2.275 | |
| 15. Желин | 34 | 1 | 3 | 38 | 2.100 | Ова село спаѓало кон вилаетот Колоња |
| 16. Желогожде | 41 | 1 | — | 42 | 3.350 | |
| 17. Жепчиште | 41 | 2 | 2 | 45 | 3.147 | |
| 18. Жупани | 21 | — | 1 | 22 | 1.112 | Ова село спаѓало кон нахијата Ишим. |
| 19. Жупаништа | 18 | 2 | — | 20 | 1.520 | |
| 20. Загоричани | 15 | 1 | 2 | 18 | 1.260 | |
| 21. Ибнориа | 14 | 2 | 2 | 18 | 856 | Ова село спаѓало во Леринско. |
| 22. Б'мбоки | 37 | 3 | 1 | 41 | 2.746 | Ова село би можело да се прочита и Кањак. |
| 23. Каладурумба | 25 | — | 5 | 30 | 1.911 | |
| 24. Косторожде | 5 | — | — | 5 | — | Ова село е ослободено од давачки поради вршење дервенџиска должност. |
| 25. Котори | 20 | 2 | — | 22 | 1.515 | |
| 26. Горенци | 38 | — | — | 38 | 3.535 | Ова село би можело да се прочита и Крајница. |
| 27. Крмпени | 25 | 2 | 2 | 29 | 1.662 | |
| 28. Кролишта | 23 | 2 | 1 | 26 | 1.820 | |
| 29. Крушевица | 10 | 1 | 1 | 12 | 590 | |
| 30. Лаври | 22 | 2 | 3 | 27 | 2.363 | |
| 31. Линчкоз | 28 | 2 | — | 30 | 1.815 | |
| 32. Лисиче | 44 | 4 | 2 | 50 | 3.052 | |
| 33. Л'нка | 11 | 3 | — | 14 | 1.129 | Ова село спаѓало кон нахијата Колоња. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 34. | Лудово | 18 | — | 3 | 21 | 1.500 | |
| 35. | Маврово | 108 | — | 10 | 128 | 6.980 | |
| 36. | Лонка | 28 | 1 | 2 | 31 | 2.366 | |
| 37. | Мислогожде | 33 | 3 | 2 | 38 | 2.412 | Ова село спагало кон на хијата Ишим. |
| 38. | Горно Сливени | 10 | 1 | — | 11 | 670 | |
| 39. | Неволјани | 16 | 1 | 1 | 18 | 881 | |
| 40. | Несрам | 67 | 6 | 3 | 76 | 3.293 | |
| 41. | Крунско? | 4 | — | 1 | 5 | 206 | Во дефтерот ова село е написано — Окрунчко. |
| 42. | Орико Пегади | 27 | — | 1 | 28 | 2.450 | |
| 43. | Пенда — Трол | 20 | — | 2 | 22 | 1.515 | |
| 44. | Апоскопос | 10 | — | 1 | 11 | 686 | |
| 45. | Радогожде | 13 | 1 | — | 14 | 976 | |
| 46. | Рашче | 14 | 1 | — | 15 | 744 | |
| 47. | Садово | 33 | 3 | 5 | 41 | 2.190 | Ова село спагало во Леринско. |
| 48. | Сатома | 25 | 2 | 3 | 30 | 1.447 | |
| 49. | Сенчи | 28 | 2 | — | 30 | 1.665 | |
| 50. | Слатина | 17 | 1 | — | 18 | 1.449 | |
| 51. | Сливени | 27 | 3 | 3 | 33 | 1.776 | |
| 52. | Слимиште | 41 | 4 | 6 | 51 | 2.906 | |
| 53. | Смикси | 5 | — | — | 5 | 340 | Ова село во дефтерот е написано — Измкси. |
| 54. | Стенче | 22 | — | 3 | 25 | 1.260 | |
| 55. | Тихолишта | 42 | 4 | 7 | 53 | 3.826 | |
| 56. | Трстие | 32 | 3 | 2 | 37 | 2.117 | |
| 57. | Улјати | 18 | 2 | — | 20 | 902 | Ова село го предаваме како што е написано во дефтерот. |
| 58. | Урдушенци | 7 | 1 | — | 8 | 410 | |
| 59. | Хвалишта | 68 | 5 | 1 | 74 | 4.491 | |
| 60. | Хорово | 22 | 2 | 1 | 25 | 1.700 | |
| 61. | Чакинхор | 34 | — | — | 34 | 2.120 | |
| 62. | Черешница | 16 | — | 1 | 17 | 1.066 | |
| 63. | Черчиште | 16 | 2 | 2 | 20 | 1.757 | |
| 64. | Чука | 29 | 3 | — | 32 | 2.090 | |
| 65. | Шештаево | 22 | 1 | — | 23 | 1.574 | |
| | ВКУПНО: | 1808 | 112 | 113 | 2033 | 126.243 | |

Покрај горенаведените 65 села заведени се уште три мезри од кои двете се ненаселени, а во третата се регистрирани две домаќинства, тоа се: мезрата Веро близу селото Крунско која не е населена, потоа мезрата Џокона исто така близу селото Крунско која има 2 домаќинства и мезрата Џимна близу селото Тихолишта — ненаселена. Овие мезри порано сигурно биле села.

Од горната табела се гледа дека во 65 села во Костурско биле регистрирани вкупно 2033 имиња од кои: 1808 старешини на домаќинства, 112 неженети и 113 вдовици. Вкупниот износ на годишните давачки што било должно регистрираното селско население да му го дава на спахиите-тимариоти изразен во акчи изнесува 126.243. Ако ова вкупна сума ја поделиле со бројот на домаќинствата, вклучувајќи ги тука и вдовиците, тогаш во просек на секое домаќинство се паѓа по 65,7 акчи годишно како обврска кон феудалниот господар. Или оваа сума изразена само со пченица, на секое домаќинство доаѓа во просек $3\frac{1}{2}$ товари пченица, односно, $4\frac{2}{3}$ товари јачмен, бидејќи по ова време еден товар пченица се пресметнувал по 20 акчи, а еден товар јачмен 15 акчи.

Ако претпоставиме едно домаќинство да броело 6 члена, тогаш вкупниот број на селското население во сите 65 села во Костурско би изнесувал околу 11.526 жители, што значи дека на секој жител во просек годишно 6 и дошло по 10 акчи приближно да му даде на феудалниот господар, или во натура 4 кила пченица, односно, околу шест и пол кила јачмен или 5 медри вино, бидејќи едно кило пченица коштало две и пол акчи, едно кило јачмен една и пол акче, а една медра вино две акчи.

Вкупниот износ од сите наведени давачки во дефтерот што било должно да ги даде целокупното население во Костурско изнесува 126.243 акчи годишно. Меѓутоа, ние порано видовме дека годишните приходи на костурскиот субашија само од градот Костур изнесуваа 102.804 акчи годишно. Податоците во дефтерот за давачките од селското население јасно покажуваат најнапред какви житарици се произведувале, а потоа какви други даноци било должно населението да му дава на спахијата. Кога ќе се сумираат давачките тогаш произлегува дека од сите 65 села на феудалците му се давало годишно 9.598 кила пченица во износ од 23.995 акчи; 6.202 кила јачмен во износ од 9.303 акчи; 2.387 кила рж во износ од 3.586 акчи; 1.434 кила просо во износ од 2.151 акче; 231 кило граор во износ од 577 акчи; 33 кила леќа во износ од 99 акчи или вкупно 19.885 кила житарици во износ од 39.711 акчи.

Понатаму приходите на спахиите од лозја изнесувале 7.053 медри или 14.106 акчи; од данок за свињи 4.121 акче; десеток од улишта 2.245 акчи; од пристојба за бостан 1.471 акче; од лен 4.589 акчи; од пристојба за воденици 2.462 акчи; од свила 605 акчи; од нијабет и свадбарина 3.784 акчи; од овошје и хасса имоти 1.927 акчи; од испенџе 48.206 акчи и од риболов 1.420 акчи.

Споредувајќи ги приходите од лозја од селата со оние само од градот, можеме да констатираме дека во атарот на Костур се произведувало скоро двојно повеќе отколку во целата Костурска околија.

Во заклучок на овој наш прилог за Костур и неговата околија можеме да ги извлечеме следните констатации: поаѓајќи од висината на приходите од трошарината како и од бројот на маалата со називи на занаетчии, градот Костур по тоа време претставувал еден доста развиен трговски и занаетчиски центар; дека спахиите-тимариоти немуслимани околу 1460 година во Костурско биле сѐ уште значително застапени во османскиот тимарско,спахиски систем; дека во Костурската околија етничкиот состав на населението е сосема чист и апсолутно преовладува словенскиот елемент со извонредно мал број на грчки елементи или грцизирани Словени; дека во ниедно село во Костурско нема ни еден Турчин или исламизиран христијанин, што јасно говори дека колонизацијата по ова време ја нема зафатено оваа околија со исклучок на самиот град Костур каде што има 22 турски домаќинства и дека во градот се регистрирани преку 90 Евреи, а тие се познати како добри трговци.